# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*


| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 28 Јули 2009 година<br>Службен гласник број 11<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: ПиШу Гули бр.2, Шел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Одлуката за Измена и дополнување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2117/1
28.07.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), и член 43 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп„ бр.6/2003 и 4/2005) Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 27.07.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година и тоа на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите на следните подставки:**

| | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|
| **741111** Тековни трансфери од други нивоа на власт | 14.775.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 14.775.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:**

**J40 ЈАВНА ЧИСТОТА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **401520** Персонален данок на доход од надоместоци | 1.225.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **425240** Осигурување за повреди и инвалидитет | 1.303.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **425990** Други договорни услуги | 12.247.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **14.775.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година, а ќе се објавуви во “Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07- 2108/2
27.07.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ПРИЛЕП И ОПШТИНА КРУШЕВО**

1. Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2117/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 4 став 3 и член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ„ бр.79/2009) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп„ бр.6/2003 и 4/2005) Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 27.07.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево

Член 1
Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка, меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево.

Член 2
Меѓуопштинската соработка опфаќа извршување на работите од надлежност на градежна инспекција о страна на Општина Прилеп, а за сметка на Општина Крушево.

Член 3
Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Прилеп, за сметка на Општина Крушево врз основа на член 9 став 2 алинеаја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4
Сите трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка, односно трошоците за вршење на надлежноста на градежната инспекција на територијата на општина Крушево ќе паднат на товар на општина Крушево.

Член 5
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 2108/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.07.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ-АКТОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ПРИЛЕП И ОПШТИНА КРУШЕВО**

1. Решението за формирање на Комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2117/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ„ бр.79/2009) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп„ бр.6/2003 и 4/2005) Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 27.07.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за формирање на Комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево, во состав:

- Мирјана Гегоска - Пепељугоска и
- Рубин Биноски.

2. Членовите на Комисијата од точка 1 на ова Решение заедно со членовите на Комисијата формирана од Советот на Општина Крушево ќе го подготват предлогот на актот за воспоставување меѓуопштинска соработка, врз основа на претходно направена анализа.

3. Мандатот на членовите на Комисијата е до завршувањето на работите за кои е формирана.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

5. Примерок од Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07- 2108/5<br>27.07.2009 година<br>Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Прилеп<br>Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К НА ИМЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ИМЕТО НА ФИРМАТА ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ "КММ" Д.О.О. - УВОЗ - ИЗВОЗ - ПРИЛЕП

1. Одлуката за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата Друштво за трговија и услуги "КММ" Д.О.О. - Увоз - извоз - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2117/5<br>28.07.2009 година<br>Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Марјан Ристески

Врз основа на член 48 став 2 од Законот трговските друштва ("Службен весник на РМ"бр.28/2004) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 27.07.2009 година, донесе:

## О Д Л У К А за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата Друштвото за трговија и услуги КММ ДОО - увоз извоз - Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата на Друштвото за трговија и услуги КММ ДОО -увоз извоз - Прилеп.

Името на фирмата ќе биде: Друштво за трговија и услуги "КММ ПРИЛЕП " ДОО увоз извоз - Прилеп.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2108/6<br>27.07.2009 година<br>Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на општина Прилеп<br>Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ВТОР КВАРТАЛ ОД 2009 ГОДИНА

1. Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп, ВТОР КВАРТАЛ од 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2117/2<br>28.07.2009 година<br>Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Марјан Ристески

## ИСПРАВКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ

Комисијата за Статут и прописи, го разгледа Барањето бр.09-_Сл._ од 29.07.2009 година, изврши проверка во текстот на Одлуката, дадената согласност и "Службениот гласник на Општина Прилеп" бр.8/2009, констатира дека е направена техничка грешка во објавениот текст на Одлуката и одлучи да се направи следната :

**ИСПРАВКА**

1. Во Одлуката за донесување на ДУП за УАЕ бр. 5 - дел од урбан блок 5, блок "А" во Прилеп, број 07 - 1144/8 од 06.05.2009 година,објавена во "Службен гласник на Општина Прилеп" 8/2009, во член 2 став 1 алинеа 6 стои :"Одлука за утврдување на Нацрт - Планот бр. 07 - 2353/7 од 29.10.2007 година, се врши исправка и

Наместо " број 07 - 1144/8 од 06.05.2009 година " треба да стои: **" бр. 07 - 2874/7 од 04.12.2008 година".**

2. Исправката да се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

3. Исправката да се достави до Секторот за урбанизам, Одделение за урбанизам и комунални работи.

Број 07 - 2127/2
28.07.2009 год
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за Статут и прописи
Сашко Николоски

Комисијата за статут и прописи, го разгледа Барањето бр.09-_Сл._ од 29.07.2009 година, изврши проверка во текстот на Програмата, дадената согласност и "Службениот гласник на Општина Прилеп" бр.8/2009, констатира дека е направена техничка грешка во објавениот текст на Програмата и одлучи да се направи следната

**ИСПРАВКА**

1.Во Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 година, број 07 - 1144/7 од 06.05.2009 година,објавена во "Службен гласник на Општина Прилеп" 8/2009, во членот 1 стои:

"Член 1

**Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 година** (,,Сл.гласник на општина Прилеп,, бр. 2/09) се дополнува со:

-Во глава Б ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, после точка 9-потточка 9.1., се додаваат следните точки:

**,,10. Детален урбанистички план за УАЕ бр. 2**

**10.1 Урбан блок 2/3, урбан модул 2-дел, во површина од.............................2,4 ха**

**10.2 Урбан блок 2/4, урбан модул 1-дел, во површина од...........................1,43 ха**

**11. Детален урбанистички план за УАЕ бр. 9/2- измени и дополнување, кварт 1 и 2, блок А, во површина од............0,8 ха**

**12. Детален урбанистички план за УАЕ бр. 13- измени и дополнување, урбан модул 1/1, во површина од..................0,7 ха**

**13. Детален урбанистички план за УАЕ бр. 16- измени и дополнување, урбан блок 16/2-дел, во површина од.......5,00 ха.,,**

- Во глава В УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА, после точка 12. се додава нова точка која гласи:

,, **13.Урбанистички план за н.м Кадино Село-измени и дополнување (проширување на градежниот реон со КП 808 КО Кадино Село).,,**

- Во глава Г УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО,после точка 4. се додава нова точка која гласи:

**,, 5. Урбанистички план вон населено место, за изградба на објект од мало стопанство, на КП 505 КО Варош.",**

се врши исправка и треба да стои:

"Член 1

**Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 година** (,,Сл.гласник на општина Прилеп,, бр. 2/09) се дополнува со:

- Во глава Б ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, после точка 9-потточка 9.1., се додаваат следните точки:

**,,10. Детален урбанистички план за УАЕ бр. 2**

**10.1 Урбан блок 2/3, урбан модул 2, во површина од .....................................2,4 ха**

**10.2 Урбан блок 2/2, блок "В", во површина од ........................................0,5 ха.**

**11. Детален урбанистички план за УАЕ 9, урбан блок 9/2, кварт 1 и 2, блок "А" во површина од............................-0,8 ха.**

**11.1. Детален урбанистички план за УАЕ бр. 9, урбан блок 9/2 кварт 2 опфат 1,2,9,10,11- измени и дополнувања, во површина од .......................................5,22 ха.**

**12 Детален урбанистички план за УАЕ бр. 16- измени и дополнувањe, урбан блок 16/2-дел, во површина од...................0,5 ха.,,**

- Во глава В УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА, после точка

12. се додава нова точка која гласи:

**"13.Урбанистички план за н.м Кадино Село-измени и дополнувањe (проширување на градежниот реон со КП 868 КО Кадино Село).,,**

- Во глава Г УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО,после точка 4. се додава нова точка која гласи:

**,,5. Урбанистички план вон населено место, за изградба на објект од мало стопанство, на КП 505 КО Варош.**

2. Исправката да се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

3.Исправката да се достави до Секторот за урбанизам, Одделение за урбанизам и комунални работи.

Број 07 - 2127/3
28.07.2009 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за Статут и прописи
Сашко Николоски

***С О Д Р Ж И Н А***
***на "Службен гласник на Општина Прилеп"***
***број 11 од 28.07.2009 година***

1. Одлука за Измена и дополнување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година.......................................................................................**стр. 1**

2. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево. ............................................................................**стр. 2**

3. Решение за формирање на Комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево..........................................................................................................**стр. 2**

4.Одлука за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата Друштво за трговија и услуги "КММ" Д.О.О. - Увоз - извоз - Прилеп.......................................................................................................**стр. 3**

5. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп, ВТОР КВАРТАЛ од 2009 година...............................................................................**стр. 4**

**ИСПРАВКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ**

6. Исправка во Одлуката за донесување на ДУП за УАЕ бр. 5 - дел од урбан блок 5, блок "А" во Прилеп, број 07 - 1144/8 од 06.05.2009 година.........**Стр.30**

7. Исправка во Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 год....**Стр.30**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.